# ХРВАТСКО СОБРАНИЕ

**1665**

Врз основа на членот 89 од Уставот на Република Хрватска, донесувам

# ОДЛУКА

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАДЗОР НА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ СО ВОЕНИ НАМЕНИ И НЕВОЕНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА

Го прогласувам Законот за надзор на прометот на стоки со воени намени и невоени убојни средства, кој што е донесен од Хрватското собрание на седницата одржана на 21 јуни 2013 година.

Класа: 011-01/13-01/156

Ур. број: 71-05-03/1-13-2

Загреб, 24 јуни 2013 година

Претседател на
Република Хрватска
**Иво Јосиповиќ**,
*своерачен потпис*

# ЗАКОН

## ЗА НАДЗОР НА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ СО ВОЕНИ НАМЕНИ И НЕВОЕНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Закон се уредува надзорот на прометот на стоката за воени намени и невоени убојни средства кои вклучуваат активности пред, за време и по издавањето на дозволата за извоз, привремен извоз, увоз, привремен увоз, обезбедување услуги, како и пренос и превоз на одбранбени производи во рамките на Европската Унија, како и надлежностите на телата на државната администрација во спроведувањето на овој Закон, правата и обврските на извозниците, увозниците, добавувачите, примателите и давателите на услугите, условите за вршење на дејностите пропишани со овој Закон, административните мерки, повредите и кривичните дела во случаите на кршење на определени одредби на овој Закон.

### *Усогласеност со прописите на Европската Унија*

Член 2

Овој Закон содржи одредби кои што се во согласност со следните акти на Европската Унија:

1. Директива 2009/43/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот од 6 мај 2009 година за поедноставување на условите за пренос на одбранбени производи во рамките на Заедницата (Сл. Весник L 146, 10. 6. 2009.);

2. Директива на Комисијата 2012/47/ЕУ од 14 декември 2012 година за измени на Директивата 2009/43/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот за попис на одбранбени производи (Сл. Весник L 31, 31. 1. 2013.);

3. Заеднички став на Советот 2008/944/ЗНБП од 8 декември 2008 година со кој се утврдуваат заедничките правила за надзор над извозот на воената технологија и опрема (Сл. Весник L 335, 13. 12. 2008.);

4. Заеднички став на Советот 2003/468/ЗНБП од 23 јуни 003 година за контрола на посредувањето при трговија со оружје (Сл. Весник L 156, 25. 6. 2003.);

5. Заедничка акција на Советот 2000/401/ ЗНБП од 22 јуни 2000 година за надзор над техничката помош за определени видови на воена употреба (Сл. Весник L 159, 30. 6. 2000.);

6. Заеднички попис на стоките за воени цели на Европската унија кој ја опфаќа опремата од Заедничкиот став на Советот 2008/944/ЗНБП (Сл. Весник C 90, 27.03.2013.);

7. Препорака на Комисијата од 11 јануари 2011 година за сертификација на одбранбени фирми според членот 9 од Директивата на Европскиот парламент и Советот 2009/43/ЕЗ за поедноставување на условите за пренос на одбранбени производи во рамките на Заедницата (Сл. Весник L 11, 15. 1. 2011.).

Член 3

Определени изрази во смислата на овој Закон ги имаат следните значења:

1. „*Промет*" значи извоз, привремен извоз, увоз, привремен увоз, обезбедување услуги, како и пренос и превоз на одбранбени производи во рамките на Европската Унија.

2. „*Стока за воени намени*" значи стока која главно, но не и исклучиво, е конструирана, изградена, составена или модификувана за воена намена, вклучувајќи технологија и софтвер поврзани со таа стока и наведени во Пописот на стоки за воени намени.

3. „*Невоени убојни средства*" значи стока наведена во Пописот на невоени убојни средства за комерцијални цели.

4. „*Идентична стока*" значи стока од истата ML категорија, со истиот назив и истата намена.

5. „*Ознака ML*" значи определена категорија на стоки за воени намени од Заедничкиот попис на стоки за воени намени на Европската Унија во која се наведени категории означени со ознаки од ML1 до ML22 (кратенката ML доаѓа од англискиот збор *Military List*, што значи воен попис).

6. „*Извоз*" значи со царински прописи уредена царинска постапка за стока која трајно или привремено ја напушта територијата на Република Хрватска, вклучувајќи го повторниот извоз на таквите стоки. Извоз значи и пренос на компјутерска програма и технологија по пат на електрични медиуми, телефакс, или со телефон на територија надвор од Република Хрватска, а се однесува и на уснен пренос на технологија по телефон само ако технологија се содржи во документот и нејзин битен дел е прочитан преку телефон или опишан преку телефон на начин што ќе се постигне истиот резултат. За извоз не се смета пренос на одбранбени производи од добавувачи во Република Хрватска до приматели во други држави членки на Европската Унија.

7. „Извозник" е правно или физичко лице – самостоен претприемач, со седиште на територијата на Република Хрватска, регистрирано за вршење на дејност на промет со стоки и регистрирано во Регистарот на извозници и увозници.

8. „*Увоз*“ значи спроведување на царинска постапка за стока која трајно или привремено влегува на територијата на Република Хрватска, вклучувајќи и повторен увоз, За увоз не се смета пренос на одбранбени производи од добавувач во една држава членка на Европската Унија до примател во Република Хрватска.

9. „*Увозник*“ е правно или физичко лице – самостоен претприемач, со седиште на територијата на Република Хрватска, регистрирано за вршење на дејност на промет со стоки и регистрирано во Регистарот на извозници и увозници. Увозник може да биде и физичко лице – граѓанин кога увезува стока за сопствени потреби врз основа на одобрување за набавка на Министерството за внатрешни работи.

10. „*Дозвола*“ значи посебен акт што го издава надлежно тело врз основа на писмено барање, во согласност со одредбите на овој Закон.

11. „*Услуги*“ значи стекнување на корист, пренесување права и други деловни активности кои се однесуваат на стоки за воени намени, вклучувајќи брокерски услуги и техничка помош.

12. „*Брокерски услуги*“ значи преговарање или договарање на зделки за купување, продавање или набавка на стоки за воени намени наведени во Пописот на стоки за воени намени од членот 4 од овој Закон од една странска држава во друга странска држава; продажба и купување на стоки за воени намени наведени во Пописот на стоки за воени намени од членот 4 од овој Закон кои се наоѓаат во една странска држава за пренос во друга странска држава. Помошните услуги не се сметаат за брокерски услуги. Помошни услуги се превоз, финансиски услуги, осигурување или ре–осигурување и огласување или промоција.

13. „*Брокер*“ е правно или физичко лице – самостоен претприемач со седиште на територијата на Република Хрватска кое работи со брокерски услуги.

14. „*Техничка помош*“ значи секоја техничка помош во врска со поправка, развој, производство, составување, тестирање или одржување на стоки за воени намени како и секоја друга техничка помош која се однесува на стоки за воени намени која може да биде во форма на упатство, обука, пренос на деловно знаење или стручни или советодавни услуги. Техничката помош вклучува усни облици на помош, писмени или говорни инструкции, обуки, преноси на деловно знаење или вештини или консултантски услуги.

15. „*Во јавна сопственост*“ значи технологија или компјутерски програми кои се достапни за јавна употреба без ограничување на нивната понатамошна дистрибуција.

16. „*Темелни научни истражувања*“ значи експериментална или теоретски истражувања која се користат за усвојување на нови знаења за основните принципи на појави или воочени факти и кои не се директно насочени кон конкретна цел или за практична примена.

17. „*Одбранбен производ*“ значи секој производ наведен во Пописот на одбранбени производи кој попис го уредува Европската Унија.

18. „*Пренос*“ значи секој трансфер или движење на одбранбени производи од добавувач во една држава членка на Европската Унија до примател во друга држава членка на Европската Унија.

19. „*Примање на одбранбени производи*“ значи активност поврзана за пренос која претставува трансфер или движење на одбранбени производи од добавувач во една држава членка на Европската Унија до примател во друга држава членка на Европската Унија.

20. „*Добавувач*“ значи правно или физичко лице – самостоен претприемач со седиште во Европската Унија кое лице е правно одговорно за пренос.

21. „*Примател*“значи правно или физичко лице – самостоен претприемач со седиште во Европската Унија кое лице е правно одговорно за прием на одбранбените производи.

22. „*Дозвола за пренос*“ значи дозвола која надлежното тело ја издава на добавувач во Република Хрватска за пренос на одбранбени производи до примателот во друга држава членка на Европската Унија, односно на примател во Република Хрватска во случај на пренос на одбранбени производи од друга држава членка на Европската Унија.

23. „*Општа дозвола за пренос*“ значи дозвола со која на добавувачите и примателите со седиште на територијата на Република Хрватска, кои ги исполнуваат условите наведени во дозволата, го одобрува преносот на одбранбените производи наведени во дозволата, а кон примателите или добавувачите кои се наоѓаат во друга држава членка на Европската Унија.

24. „*Глобална дозвола за пренос*“ значи дозвола за пренос на одбранбени производи до приматели во една или повеќе држави членки на Европската Унија како и дозвола за пренос на одбранбени производи од добавувачи во една или повеќе држави членки на Европската Унија.

25. „*Индивидуална дозвола за пренос*“ значи дозвола со која се дозволува пренос на прецизирана количина на одбранбени производи, во една или повеќе пратки, до еден примател во друга држава членка на Европската Унија или од еден добавувач во друга држава членка на Европската Унија.

26. „*Превоз во рамките на Европската Унија*“ значи транспорт на одбранбени производи низ една или повеќе држави членки на Европската Унија, а кои одбранбени производи не се со потекло од државите членки приматели.

Член 4

Владата на Република Хрватска (во понатамошниот текст: Владата), на предлог на министерството надлежно за областа на економијата (во понатамошниот текст: Министерството) ќе усвои Пописот на стоки за воени намени, усклаен со

Заедничкиот воен попис на Европската Унија, како и со Пописот на невоени убојни средства за комерцијални цели.

## II. НАДЛЕЖНОСТ ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ

Член 5

(1) Извозот и увозот на стоки, обезбедувањето на услуги од членот 3 ставот 11 од овој Закон како и преносот на одбранбени производи помеѓу држави членки на Европската Унија се извршува врз основа на дозволи.

(2) Дозволите за извозот и увозот на стоки, обезбедувањето на услуги како и преносот на одбранбени производи помеѓу држави членки на Европската Унија ги издава Министерството врз основа на согласноста на Комисијата за давање согласност за извоз и увоз на стоки за воени намени и невоени убојни средства, пренос на одбранбени производи, како и обезбедување на услуги за стоки за воени намени (во понатамошниот текст: Комисијата). Комисијата ја сочинуваат претставници на министерствата надлежни за одбрана, внатрешни работи, надворешни работи, царина и економија.

(3) Согласноста од ставот 2 од овој член се дава со едногласна одлука на сите членови на Комисијата. Во случај на неможност на некој од членовите на Комисијата да гласа, неговиот заменик има право на глас.

(4) Во работата на Комисијата секој член, односно неговиот заменик, е надлежен за работите од делокругот на министерството кое што го претставува.

(5) Доколку некои од членовите на Комисијата не се во можност да ја дадат нивната согласност за бараниот извоз во рок од 15 дена од денот на одржаниот состанок на Комисијата, а при тоа не донеле одлука за одбивање на барањето, министерот надлежен за економија (во понатамошниот текст: министерот) ќе побара писмено изјаснување на надлежните министри по предметното барање.

(6) Комисијата од ставот 2 од овој член ја именува и разрешува министерот врз основа на предлозите на министрите надлежни за одбрана, внатрешни работи, надворешни работи, царина и економија, а се состои од еден член и еден заменик на членот од секое надлежно министерство. Претседателот на Комисијата, како и неговиот заменик е член од Министерството.

(7) Комисијата донесува Деловник за работа.

Член 6

Како исклучок од членот 5 ставот 2 од овој Закон:

– Министерството надлежно за одбрана ги издава дозволите за увоз на стоки за потребите на Вооружените сили на Република Хрватска, додека министерството надлежно за внатрешни работи ги издава дозволите за увоз на стоките за потребите на полицијата,

– Министерството надлежно за одбрана ги издава дозволите за извоз на стоки, со намера истите да се вратат во државата, за потребите на Вооружените сили на Република Хрватска, додека министерството надлежно за внатрешни работи ги издава дозволите за извоз на стоките, со намера за нивно враќање во истата држава, за извоз на стоките за потребите на полицијата,

– Дозволите за извоз на стоките врз основа на донација на Владата ги издава министерството надлежно за одбрана, односно министерството надлежно за внатрешни работи во случај да се работи за стоки од нивните надлежности,

– Дозволите за извоз на стоките врз основа на меѓународни воени спогодби чии потписник е Република Хрватска ги издава министерството надлежно за одбрана.

Член 7

(1) Министерството издава индивидуална извозна, односно увозна дозвола со рок на важење од една година, без можност за продолжување.

(2) Како исклучок од ставот 1 од овој член, Министерството може да издаде индивидуална извозна, односно увозна дозвола со рок на важење подолг од една година, но не подолг од три години, во случај на привремен извоз, односно увоз на стоки за чии ремонт или поправка е потребен временски период подолг од една година.

(3) Министерот со правилник ќе ги пропише формата и содржината на дозволата од ставот 1 од овој член.

Член 8

(1) Како исклучок членот 7 од ставот 1 од овој Закон, Министерството може да издаде глобална извозна дозвола за извоз на идентични стоки за воени намени за една или повеќе држави, а имајќи предвид видот на стоките, видот и долготрајноста на извозните работи на државата во која се извезуваат таквите стоки.

(2) Глобална извозна дозвола може да се издаде само за извоз на оклопна или заштитна опрема, конструкција и компоненти од категорија ML13 Попис на стоки за воени намени од членот 4 од овој Закон, за потреби на тендер, изложби или презентации, со рок на важност од една година и повеќе не може да се продолжи.

(3) Министерот со правилник ќе ги пропише формата и содржината на дозволата од ставот 1 од овој член.

Член 9

(1) На барање на увозникот, врз основа на писмена изјава за крајниот корисник и намената на увозот на стоките, со дозвола за увоз Министерството издава и потврда за крајниот корисник.

(2) Доколку увозникот се разликува од крајниот корисник, уз наведеното во ставот 1 од овој член, потребно е да се приложи и изјава на крајниот корисник за видот, количината и намената на стоките.

(3) Потврдите за крајниот корисник за увоз на стоки наменети за Вооружените сили на Република Хрватска и за полицијата ги издава министерството надлежно за одбрана, односно министерството надлежно за внатрешни работи.

(4) Министерот со правилник ќе ги пропише формата и содржината на дозволата од ставот 1 од овој член.

Член 10

(1) Извозот и увозот на стоките, врз основа на овој Закон, може да се извршува и од страна на правни и физички лица – самостојни претприемачи (во понатамошниот текст: лица) регистрирани за вршење на дејност на промет со стоки и регистрирани во Регистарот на извозници и увозници на стоки за воени намени и невоени убојни средства (во понатамошниот текст: Регистарот).

(2) Како исклучок од ставот 1 од овој член, физичко лице – граѓанин може за свои потреби, без впишување во Регистарот, да увезува стоки за кои министерството надлежно за внатрешни работи му издало одобрување за набавка на оружје.

(3) На физичко лице – граѓанин не е дозволено да извршува извоз на стоки за воени намени и невоени убојни средства.

(4) Домашни и странски физички лица – граѓани кои привремено доаѓаат во Република Хрватска, односно кои привремено заминуваат за странство можат привремено да внесуваат, односно привремено да изнесуваат стоки кои им се потребни за време на привремениот престој во Република Хрватска, односно во странство во согласност со овој Закон, со царинските и други прописи, како и во согласност со меѓународните конвенции и договори.

(5) Стоките од ставот 4 од овој член можат да се користат само за целите за кои тие се привремено внесени, односно изнесени.

(6) Пред да се почне се дејноста на извоз, односно увоз лицата од ставот 1 од овој член се должни да бараат впишување во Регистарот дефиниран во ставот 1 од овој член.

(7) Регистарот од ставот 1 од овој член го води Министерството.

(8) Министерството со правилник ќе ги пропише содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот 1 од овој член.

Член 11

(1) Впишувањето во Регистарот од членот 10 ставот 1 од овој Закон се извршува врз основа на писмено барање заверено со печат и со своерачен потпис на одговорното лице во правното или физичкото лице – самостојниот претприемач.

(2) Подносителот на барањето од ставот 1 од овој член е должен со барањето да ја приложи следната документација:

– Копија на решението на министерството надлежно за внатрешни работи за вршење дејност на производство, односно промет на оружје или муниција или експлозивни материи,

– Копија на решението на надлежното тело за регистрирана дејноста на промет со стоките,

– Број за лична идентификација на лицето од членот 10 ставот 1 од овој Закон,

– Потврда од надлежното тело дека правното лице, како и одговорното лице во правното лице или физичко лице – самостоен претприемач не е под истрага поради незаконитости во постапување со стоки за воени намени и невоени убојни средства од членовите 84 и 85 од овој Закон, не постари од шест месеци,

– Назив на банката и документите заверени од банката чии е депонент (копии на последниот биланс на состојба и биланс на успех, потврда дека лицето не е под забрана во последните шест месеци, копија на извод од регистарот на депонирани потписи),

– Изјава за бројот и структурата на вработените,

– Изјава со која одговорното лице во правното или физичкото лице – самостојниот претприемач се обврзува дека ќе му овозможи на надлежното надзорно тело надзор врз работењето во областа на извоз и увоз, како и контрола врз складишниот простор и превозните средства.

(3) Копија на решението од ставот 2 под–ставот 1 од овој член не е потребно да се достави ако лицето достави изјава дека нема да се вклучува во производство или промет со оружје, односно експлозивни материи.

(4) Врз основа на доставената документација од ставот 2 од овој член Министерството е должно од министерот надлежен за правосудство да побара проверка на податоците од евиденцијата на кривични дела, дека против правното лице, како и одговорното лице во правното или физичкото лице – самостојниот претприемач не е покренато обвинение ниту е изречена правосилна пресуда, а за

незаконски активности при постапување со стоки за воени намени и невоени убојни средства од членовите 84 и 95 од овој Закон.

(5) Министерството носи решение за упис во Регистарот од членот 10 ставот 1 од овој Закон.

(6) Против решението од ставот 5 од овој член не е дозволена жалба, но може да се покрене управен спор.

Член 12

Лице впишано во Регистарот од членот 10 ставот 1 од овој Закон е должно во писмена форма да ги доставува сите промени на податоците од членот 11 ставот 2 од овој Закон, во рок од 15 дена од настанувањето на промената.

Член 13

(1) Министерството со решение ќе одбие упис во Регистарот од членот 10 ставот 1 од овој Закон доколку:

– Се доставени лажни информации или лажни исправи,

– Во текот на последните 10 години подносителот на барањето ја прекршил законската регулатива која се однесува на промет на стоки за воени намени или невоени убојни средства,

– Во текот на последните 10 години подносителот на барањето прекршил меѓународни санкции,

– Против подносителот на барањето се спроведуваат полициски истраги поради незаконски активности при постапување со стоки за воени намени или невоени убојни средства,

– Покрената е истражна или казнена постапка поради незаконски активности при постапување со стоки за воени намени или невоени убојни средства од членовите 84 и 85 од овој Закон,

– Покренато е обвинение или лицето е осудено на казна затвор поради незаконски активности при постапување со стоки за воени намени или невоени убојни средства од членовите 84 и 85 од овој Закон,

– Постои основано сомневање или е утврдено дека правното лице или одговорното лице во правното лице или физичкото лице – самостојниот претприемач или било кое друго лице вработено во правното лице или самостојниот претприемач, преговарало или склучило договор со лице, фирма или организација за која е утврдено или постои основано сомневање дека е вмешана или дека на било кој друг начин учествувала во

недозволени активности поврзани со стоки за воени намени и невоени убојни средства.

– постојат други оправдани причини.

(2) Против решението од ставот 1 од овој член не е дозволена жалба, но може да се покрене управен спор.

Член 14

(1) Лице од членот 10 ставот 1 од овој Закон ќе се избрише од Регистарот во следните случаи:

– Се утврдат нови факти и/или околности за кои доколку постоеле сознанија при уписот во Регистарот, не би било возможно да се изврши уписот на тоа лице во Регистарот,

– Против лицето или одговорното лице во правното лице, односно против физичкото лице – самостојниот претприемач е покрената истражна постапка поради незаконско постапување со стоки за воени намени или невоени убојни средства,

– Одговорното лице во правното лице или физичкото лице – самостојниот претприемач е правосилно осудено за кривично дело против имотот или му е изречена или трае сигурносна мерка забрана за вршење дејност која е целосно или делумно опфатена со неговиот предмет на работа,

– Не работи во согласност со одредбите на овој Закон,

– Крши меѓународни санкции,

– Престане да ја врши дејноста,

– Престане да ги исполнува условите врз основа на кои е издадено решението за внес во Регистарот,

– Постои основан сомнеж или се утврди дека правното лице или физичкото лице – самостојниот претприемач, или одговорното лице во правното лице или било кое друго лице вработено во правното лице или кај самостојниот претприемач, преговарало или склучило договор со лице, фирма или организација за која е утврдено или постои основано сомневање дека е вмешана или дека на било кој друг начин учествувала во недозволени активности поврзани со стоки за воени намени и невоени убојни средства,

– Лицата впишани во Регистарот поднесат барање за бришење.

(2) Министерството носе решение за бришење на лицето од Регистарот од членот 10 ставот 1 од овој Закон.

(3) Против решението од ставот 2 од овој член не е дозволена жалба, но може да се покрене управен спор.

## III. ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊЕ ЗА ИЗВОЗ И УВОЗ

### Член 15

(1) Барање за издавање на дозвола за извоз, односно увоз на стоки се доставува до Министерството на пропишаниот образец.

(2) Барањето од ставот 1 од овој член може д се однесува само на стоки од една тарифна ознака, односно само една ML ознака од Пописот на стоки за воени намени.

(3) Како исклучок од ставот 2 од овој член, барање може да содржи стоки од повеќе тарифни, односно ML ознаки, кога се работи за привремен увоз или извоз за потреби на изложби. Таквата дозвола може да гласи само на еден извозник, односно увозник.

(4) Со барањето за извоз на стоки за воени намени и невоени убојни средства потребно е да се приложи дозволата за увоз издадена од надлежното тело во државата во која се извезува стоката, како и оригинален примерок на потврдата за крајниот корисник издадена или заверена од надлежното тело во државата на крајниот корисник.

(5) Ако државата на крајниот корисник на стоките е различна од државата увозник, освен документацијата од ставот 4 од овој член, со барањето е потребно и да се приложи заверена копија на потврдата на крајниот корисник на стоките издадена од надлежното тело во државата на крајниот корисник додека оригиналот се дава на увид.

(6) Увозната дозвола од ставот 4 од овој член не е потребно да се приложи со барањето за извоз ако надлежното тело во државата на увоз издаде потврда за предметната стока во државата увозник не е потребно да се поседува увозна дозвола,.

(7) Потврдата за крајниот корисник од ставот 4 од овој член не е потребно да се приложи со барањето за извоз доколку се работи за привремен извоз за цели на изложби, семинари, обуки, тестирање, демонстрации или поправки на стоките кај производителот, како и враќање на неисправните стоки на производителот како и извоз на примероци на оклопна или заштитна опрема, конструкција или компоненти од категорија ML13 Пописот на стоки за воени намени од членот 4 од овој Закон.

(8) Министерот со правилник ќе ги пропише формата и содржината на обрасците од ставот 1 од овој член како и пописот на документи кои треба да се приложат со барање.

Член 16

За барањето од членот 15 ставот 1 од овој Закон Комисијата дава согласност во рок од 15 дена од денот на соодветно поднесеното барање, односно во рок од 45 дена од денот на соодветно поднесеното барање ако во постапката за издавање на дозволата е потребно да се извршат соодветните проверки.

Член 17

(1) Министерството е должно да ја издаде бараната дозвола од членот 16 од овој Закон во рок од седум дена од денот на добивање согласност од страна на Комисијата.

(2) Министерството нема да ги образложи причините за одлуката да го одбие барањето доколку причината за одбивање на барањето се базира на информација која со закон или врз основа на критериумите утврдени со законот е класификувана со соодветен степен на тајност или ако е заштитена со закон со кој се уредува областа на заштита на личните податоци.

(3) Доколку Комисијата не ја даде согласноста на поднесеното барање од членот 15 ставот 1 од овој Закон, Министерството ќе донесе решение за одбивање на барањето против кое не е дозволено да се поднесе жалба, но може да се покрене управен спор.

Член 18

Дозвола и други документи добиени врз основа на овој Закон не може да се пренесуваат на други лица.

Член 19

(1) Во случај на увоз на стоки со цел тие да се извезат во трета земја, подносителот на барањето е должен, на барање на Министерството, со барањето за извоз да приложи и согласност од надлежното тело во државата на потекло на стоките, односно согласност од надлежното тело на државата од која се планира увозот на стоките, со која се дава согласност за извоз на соодветните стоки во трета држава.

(2) Во случај на извоз на претходно увезена стока, Министерството може да побара од подносителот на барањето, со барањето за извоз да приложи и согласност за промена на крајниот корисник на стоките, издадена од надлежното тело на државата од која е увезена стоката, со цел да се потврди автентичноста, односно правната издржаност на истата.

Член 20

Во случај на постоење на оправдана сомнеж во автентичноста, односно правната издржаност на документацијата, Министерството на предлог на Комисијата ќе го проследи случајот до надлежните тела за понатамошно дејство со цел да се утврди автентичноста, односно правната издржаност на документацијата.

Член 21

(1) Министерството со решение ќе одбие барање за издавање дозвола за извоз, односно дозвола за увоз ако Комисијата не даде согласност за поднесеното барање затоа што е утврдено дека издавањето на бараната дозвола би било во спротивност со надворешно – политичките или економски интереси на Република Хрватска или ако е во спротивност со утврдените критериуми од членот 2 точката 3 од овој Закон, како и во следните случаи, ако:

– Со издавањето на дозволата би се загрозило извршувањето на меѓународните обврски на Република Хрватска,

– Со издавањето на дозволата би се загрозиле безбедносните или одбранбените интереси на Република Хрватска,

– Барањето е во спротивност со Стратегијата за национална безбедност на Република Хрватска,

– Со издавањето на дозволата за извоз би се овозможило на непожелни лица, спротивно на волјата на извозникот, да дојдат во посед на извезената стока,

– Се утврди дека стоките за кои се бара извозна дозвола се предмет на полициски истраги или судски спорови.

(2) Доколку барањето содржи било каков недостаток кој што спречува да се постапува по барањето, односно ако барањето е неразбирливо или нецелосно, а подносителот на барањето во определениот рок не ги отстрани недостатоците, службеното лице се решение ќе го одбие барањето.

(3) Решението од ставот 2 од овој член може да се достави во писмена форма, преку електронска пошта или усно, за што ќе се состави записник.

(4) Против решението од ставовите 1 и 2 од овој член не е дозволено да се поднесе жалба, но може да се покрене управен спор.

Член 22

Во случај на поднесување на барање за издавање на извозна дозвола за земја која се наоѓа на списокот на држави за кои се пропишани рестриктивни мерки од ОН, ЕУ, ОЕСС или други меѓународни организации кон чии рестриктивни мерки се приклучила

и Република Хрватска, дозвола може да се издаде само за хуманитарни цели или за потреби на мировни сили.

Член 23

(1) Пред склучување на договор за купување или продажба на стоки за воени намени, односно невоени убојни средства за комерцијални цели, лицата од членот 10 ставот 1 од овој Закон можат да побараат од Министерството мислење дали вршењето на конкретната дејност со определен брокер, купувач, увозник, краен корисник или држава на крајна употреба на стоките е во спротивност со одредбите на членот 21 од овој Закон.

(2) Министерството е должно, откако ќе ги соберат информациите надлежните тела на Република Хрватска, на лицата од членот 10 ставот 1 од овој Закон, да им даде мислење дали определен брокер, купувач, увозник, краен корисник или држава на крајна употреба е пожелен учесник во наведената зделка.

Член 24

(1) Министерството носи решение за укинување на дозвола издадена според членот 17 ставот 1 од овој Закон ако се утврди:

– Дека еден или повеќе услови, врз кои е издадена дозволата, повеќе не постои,

– Дека дозволата е издадена врз основа на неточни или нецелосни податоци, а дека подносителот на барањето знаел или морал да знае дека податоците биле неточни или нецелосни,

– Дека постои барање за укинување на издадената дозвола од страна на лицето на чие име гласи дозволата,

– Дека се извршени активности во спротивност со членот 18 од овој Закон.

(2) Република Хрватска не е одговорна за трошоците кои настанале или кои што ќе настанат со укинувањето на издадената дозвола.

(3) Против решението од ставот 1 од овој член не е дозволено да се поднесе жалба, но може да се покрене управен спор.

Член 25

(1) Министерството води база на податоци за бараните, издадените, реализираните и укинатите дозволи, како и за одбиените барања за промет на стоки и одбранбени производи од членот 3 од овој Закон.

(2) Министерството е должно до 30 април на тековната година да подготви годишен извештај за извозот и увозот на стоки за воени намени и невоени убојни средства за комерцијални цели за претходната година и д го достави на усвојување до Владата со степенот на тајност.

(3) Министерството е должно до 30 мај на тековната година да го објави извештајот од ставот 2 од овој член, без доверливи податоци, на интернет страната на Министерството.

(4) Доверливите податоци од ставот 3 од овој член се имиња на фирми и индивидуални финансиски показатели како и други податоци во согласност со Законот за заштита на податоци.

Член 26

Лицата од членот 10 ставот 1 од овој Закон кои што вршат дејност на извоз, односно увоз на стоки се должни:

– Да водат посебен регистар на трансакции кои се извршуваат според овој Закон и да ја чуваат документацијата за трансакциите најмалку 20 години од завршениот извоз, односно увоз, да ги почитуваат роковите и условите според кои се издадени дозволите, како и да го извести Министерството во писмена форма за секоја настаната промена во рок од 10 дена од настанувањето на промената,

– Во рок од 15 дена по извршениот извоз, односно увоз, во писмена форма или преку електронска пошта да го известат Министерството за извршениот извоз, односно увоз на стоките и да ја приложат документацијата врз основа на која е извршен таквиот извоз, односно увоз,

– На барање на Министерството, да достават потврда за прием на стоките,

– Да ги почитуваат условите утврдени во дозволата и одредбите на овој Закон.

Член 27

Документацијата од членот 26 под–ставот 2 од овој Закон мора да содржи известување за извршениот извоз, односно увоз, копија на дозволата врз основа на која е извршен таквиот извоз, односно увоз на стоките, копија на царинската декларација, сериските броеви на оружјето и останатата документација, во зависност од видот на стоките.

Член 28

Лицата од членот 10 ставот 1 од овој Закон се должни во царинската декларација од членот 27 од овој Закон да ги вклучат следните податоци:

– Полн назив и адреса на извозникот, односно увозникот,

– Бројот на извозната, односно увозната дозвола врз основа на која е извршена царинската постапка,

– Назив на стоките во согласност со називот во предметната дозвола,

– Количината на стоките искажана во мерни единици наведени во предметната дозвола,

– Вредноста на стоките искажана во валутата која е наведена во предметната дозвола,

– Тарифната ознака на стоките,

– ML ознаката наведена во Пописот на стоки за воени намени од членот 4 од овој Закон ако се работи за таков вид на стоки.

## IV. УСЛУГИ

### Член 29

(1) Обезбедувањето на услугите од членот 3 точката 11 од овој Закон може да ги извршуваат лицата регистрирани за вршење на дејност производство, односно посредување на домашниот и странскиот пазар со стоките наведени во Пописот на стоки за воени намени од членот 4 од овој Закон на територијата на Република Хрватска, кои лица се регистрирани во Регистарот за обезбедување на услуги за стоки за воени намени.

(2) Обезбедувањето на услугите од членот 3 точката 11 од овој Закон на територијата на Република Хрватска може да ги извршуваат само производителите на стоките наведени во Пописот на стоки за воени намени.

(3) Регистарот од ставот 1 од овој член го води Министерството.

(4) Министерот со правилник ќе ги пропише содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот 1 од овој член.

### Член 30

(1) Регистрацијата во Регистарот од членот 29 ставот 1 од овој Закон се извршува врз основа на писмено барање заверено со печат и со своерачниот потпис на соодветното лице во правното лице или со печат и со своерачниот потпис на физичкото лице – самостојниот претприемач.

(2) Подносителот на барањето од ставот 1 од овој член е должен со барањето да ја приложи следната документација:

– копија на решението на надлежното тело за регистрација на дејност за обезбедување на услуги,

– Личен идентификациски број на лицата од членот 10 ставот 1 од овој Закон,

– Потврда од надлежното тело дека правното лице, како и одговорното лице во правното лице или физичкото лице – самостојниот претприемач, како и лицето задолжено за посредување, не е под истрага за кривично дело поради незаконски активности во постапувањето со стоки за воени намени или невоени убојни средства од членовите 84 и 85 од овој Закон, не постари од шест месеци,

– Назив на банката и документите заверени од банката чии депонент (копии на последниот биланс на состојба и биланс на успех, потврда дека лицето не е под забрана во последните шест месеци, копија на извод од регистарот на депонирани потписи),

– Изјава за бројот и структурата на вработените,

– Изјава со која одговорното лице во правното лице или физичкото лице – самостојниот претприемач, се обврзува пред надлежното надзорно тело дека ќе овозможи надзор врз работењето во областа на обезбедување на услуги,

– Изјава со која одговорното лице во правното лице или физичкото лице – самостојниот претприемач овластува еден или повеќе вработени да за и во име на фирмата да вршат брокерски услуги.

(3) Врз основа на документацијата доставена од ставот 2 од овој член Министерството е должно од министерството надлежно за правосудството за побара проверка на податоците од евиденцијата на кривични дела дека против правното лице, како и против одговорното лице во правното лице или физичкото лице – самостојниот претприемач не е покренато обвинение ниту е изречена правосилна пресуда, за незаконски активности при постапување со стоки за воени намени и невоени убојни средства од членовите 84 и 85 од овој Закон.

(4) Министерството донесува решение за регистрација во Регистарот од ставот 1 од овој член.

(5) Против решението од ставот 4 од овој член не е дозволено да се поднесе жалба, но може да се покрене управен спор.

Член 31

(1) Министерството со решение ќе одбие да изврши регистрација во Регистарот од членот 29 ставот 1 од овој Закон ако:

– Се доставени лажни информации или лажни исправи,

– Во текот на последните 10 години подносителот на барањето ги прекршил прописите за промет на стоки за воени намени или невоени убојни средства,

– Во текот на последните 10 години подносителот на барањето прекршил меѓународни санкции,

– Против подносителот на барањето се спроведуваат полициски истраги поради незаконски активности при постапување со стоки за воени намени или невоени убојни средства,

– Покрената е истражна или казнена постапка поради незаконски активности при постапување со стоки за воени намени или невоени убојни средства од членовите 84 и 85 од овој Закон,

– Покренато е обвинение или лицето е осудено на казна затвор поради незаконски активности при постапување со стоки за воени намени или невоени убојни средства од членовите 84 и 85 од овој Закон,

– Постои основано сомневање или е утврдено дека правното лице или одговорното лице во правното лице или физичкото лице – самостојниот претприемач или било кое друго лице вработено во правното лице или самостојниот претприемач, преговарало или склучило договор со лице, фирма или организација за која е утврдено или постои основано сомневање дека е вмешана или дека на било кој друг начин учествувала во недозволени активности поврзани со стоки за воени намени и невоени убојни средства.

– постојат други оправдани причини.

(2) Против решението од ставот 1 од овој член не е дозволено да се поднесе жалба, но може да се покрене управен спор.

Член 32

(1) Министерството носи решение за бришење од Регистарот од членот 29 ставот 1 од овој Закон во следните случаи:

– Се утврдат нови факти и/или околности за кои доколку постоеле сознанија при уписот во Регистарот, не би било возможно да се изврши уписот на тоа лице во Регистарот,

– Против лицето или одговорното лице во правното лице, односно самостојниот претприемач или лицето задолжено за брокерски услуги е покрената истражна постапка поради незаконско постапување со стоки за воени намени или невоени убојни средства,

– Одговорното лице во правното лице или самостојниот претприемач е правосилно осудено за кривично дело против имотот или му е изречена или трае сигурносна мерка забрана за вршење дејност која е целосно или делумно опфатена со неговиот предмет на работа,

– Не работи во согласност со одредбите на овој Закон,

– Крши меѓународни санкции,

– Престане да ја врши дејноста,

– Престане да ги исполнува условите врз основа на кои е издадено решението за внес во Регистарот,

– Постои основан сомнеж или се утврди дека правното лице или физичкото лице – самостојниот претприемач, или одговорното лице во правното лице или било кое друго лице вработено во правното лице или кај самостојниот претприемач, преговарало или склучило договор со лице, фирма или организација за која е утврдено или постои основано сомневање дека е вмешана или дека на било кој друг начин учествувала во недозволени активности поврзани со стоки за воени намени и невоени убојни средства,

– Лицата впишани во Регистарот поднесат барање за бришење.

(2) Против решението од ставот 1 од овој член не е дозволено да се поднесе жалба, но може да се покрене управен спор.

Член 33

(1) Пред да се започне со извршувањето на дејноста на обезбедување на услуги, лицето регистрирано во Регистарот од членот 29 ставот 1 од овој Закон е должно од Министерството да побара дозвола за обезбедување услуги.

(2) Дозволата од ставот 1 од овој член ја издава Министерството, врз основа на согласност од Комисијата, за секоја поединечна активност, со рок на важење од една година, без можност за продолжување.

(3) Министерот со правилник ќе ги пропише обликот и содржината на дозволата од ставот 1 од овој член.

(4) Ставовите 1 и 2 од овој член не се применуваат ако техничка помош е пружена во облик на информации кои се во јавна сопственост или се дел од научни истражувања, или ако се работи за обезбедување на услуги за министерството надлежно за одбрана или министерството надлежно за внатрешни работи на Република Хрватска.

Член 34

(1) Барањето за издавање на дозвола за извршување на дејност на обезбедување услуги се поднесува до Министерството на пропишаниот образец.

(2) Министерот со правилник ќе ги пропише обликот и содржината на дозволата од ставот 1 од овој член, како и списокот на документи кои што е потребно да се приложат со конкретното барање.

Член 35

Одредбите на овој Закон не се применуваат на даватели на услуги кои, врз основа на одлука на министерството надлежно за одбрана или некое друго надлежно тело, дејствува во рамки на воени или хуманитарни мисии.

Член 36

За барањето од членот 34 ставот 1 од овој Закон, Комисијата дава согласност во рок од 15 дена од денот на соодветното поднесување на барањето, односно 45 дена од денот на соодветното поднесување на барањето доколку во постапката за издавање на дозволата се утврди дека е потребно да се извршат дополнителни проверки.

Член 37

(1) Министерството е должно да ја издаде бараната дозвола за обезбедување услуги од членот 33 ставот 2 од овој Закон во рок од седум дена од денот на добивање согласност од страна на Комисијата.

(2) Министерството нема да ги образложи причините за одлуката да го одбие барањето доколку причината за одбивање на барањето се базира на информација која со закон или врз основа на критериумите утврдени со законот е класификувана со соодветен степен на тајност или ако е заштитена со закон со кој се уредува областа на заштита на личните податоци.

(3) Доколку Комисијата не ја даде согласноста на поднесеното барање од членот 34 ставот 1 од овој Закон, Министерството ќе донесе решение за одбивање на барањето против кое не е дозволено да се поднесе жалба, но може да се покрене управен спор.

Член 38

(1) Министерството со решение ќе одбие барање за издавање дозвола за обезбедување услуги од членот 33 ставот 2 од овој Закон ако Комисијата од членот 5 ставот 2 од овој Закон не даде согласност за поднесеното барање затоа што е утврдено дека издавањето на бараната дозвола би било во спротивност со надворешно – политичките или економски интереси на Република Хрватска или

утврди дека издавањето на дозволата би било во спротивност со утврдените критериуми од членот 2 точката 3 од овој Закон, како и во следните случаи, ако:

– Со издавањето на дозволата би се загрозило извршувањето на меѓународните обврски на Република Хрватска,

– Со издавањето на дозволата би се загрозиле безбедносните или одбранбените интереси на Република Хрватска,

– Барањето е во спротивност со Стратегијата за национална безбедност на Република Хрватска,

– Со издавањето на дозволата за извоз би се овозможило на непожелни лица, спротивно на волјата на извозникот, да дојдат во посед на извезената стока,

– Се потврди дека стоките за кои се бара извозна дозвола се предмет на полициски истраги или судски спорови.

(2) Доколку барањето содржи било каков недостаток кој што спречува да се постапува по барањето, односно ако барањето е неразбирливо или нецелосно, а подносителот на барањето во определениот рок не ги отстрани недостатоците, службеното лице се решение ќе го одбие барањето.

(3) Решението од ставот 2 од овој член може да се достави во писмена форма, преку електронска пошта или усно, за што ќе се состави записник.

(4) Против решението од ставовите 1 и 2 од овој член не е дозволено да се поднесе жалба, но може да се покрене управен спор.

Член 39

Лицата од членот 10 ставот 1 од овој Закон кои што вршат дејност на обезбедување услуги за стоки за воени намени се должни:

– Да водат посебен регистар и да ја чуваат севкупната документација и информациите поврзани со обезбедувањето услуги кои се извршуваат врз основа на одредбите од овој Закон најмалку 20 години од обезбедувањето на услугите,

– Да ги почитуваат роковите и условите според кои им е издадена дозволата од членот 33 од овој Закон, како и да го извести Министерството во писмена форма за секоја настаната промена во рок од 10 дена од настанувањето на промената,

– Во рок од 15 дена по извршената дејност обезбедување услуги или по истекот на рокот на валидност на дозволата од членот 33 ставот 2 од овој Закон, во писмена форма или преку електронска пошта да го известат Министерството за активностите извршени врз основа на дозволата, и да ја приложат документацијата врз основа на која е обезбедена услугата,

– Да ги почитуваат условите утврдени во дозволата и одредбите на овој Закон.

### Член 40

Документацијата од членот 39 под–ставот 3 од овој Закон мора да содржи информација за обезбедената услуга, копија на дозволата врз основа на која е извршена услугата  и копија на документацијата поврзана со обезбедувањето услуги.

### Член 41

(1) Лицето од членот 10 ставот 1 од овој Закон се брише од Регистарот од членот 29 ставот 1 од овој Закон кога:

– Се утврдат нови факти и/или околности за кои доколку постоеле сознанија при уписот во Регистарот од членот 29 ставот 1 од овој Закон, не би било возможно да се изврши уписот на тоа лице во Регистарот,

– Одговорното лице во правното лице или физичкото лице – самостојниот претприемач е правосилно осудено за кривично дело против имотот или му е изречена или трае сигурносна мерка забрана за вршење дејност која е целосно или делумно опфатена со неговиот предмет на работа,

– На лицето или одговорното лице во правното лице или физичкото лице – самостојниот претприемач му искажана правосилна пресуда поради незаконски активности при постапување со стоки за воени намени или невоени убојни средства

– Не работи во согласност со одредбите на овој Закон,

– Крши меѓународни санкции,

– Престане да ја врши дејноста,

– Престане да ги исполнува условите врз основа на кои е издадено решението,

– Постои основан сомнеж или се утврди дека правното лице или физичкото лице – самостојниот претприемач, или одговорното лице во правното лице или било кое друго лице вработено во правното лице или кај самостојниот претприемач, преговарало или склучило договор со лице, фирма или организација за која е утврдено или постои основано сомневање дека е вмешана или дека на било кој друг начин учествувала во недозволени активности поврзани со стоки за воени намени и невоени убојни средства,

– Лицата впишани во Регистарот поднесат барање за бришење.

(2) Министерството носи решение за бришење од Регистарот од членот 29 ставот 1 од овој Закон.

(3) Против решението од ставот 2 од овој член не е дозволено да се поднесе жалба, но може да се покрене управен спор.

## V. ПРЕНОС НА ОДБРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ ВО РАМКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Член 42

(1) Ова поглавје ги пропишува правилата и процедурите во врска со преносот на одбранбени производи во рамките на Европската Унија видовите на дозволи за пренос, обврските на добавувачите и примателите на одбранбените производи, како и постапката и критериумите за издавање на соодветните сертификати.

(2) Одредбите на ова поглавје не се применуваат на одбранбени производи кои само преминуваат преку територијата на Република Хрватска, односно на оние одбранбени производи за кои не е потребно да се спроведе царинската постапка, или кои користат надворешна транзитна постапка или само се внесуваат во слободна царинска зона или слободно царинско складиште, па нема потреба да се внесуваат во пропишаната евиденција на стоките.

### *Дозвола за пренос*

Член 43

(1) За пренос на одбранбени производи помеѓу земји членки на територијата на Република Хрватска потребна е дозвола за пренос која ја издава Министерството со претходна согласност на Комисијата.

(2) Комисијата дава согласност за пренос на истиот начин и според истата постапка според која ја дава согласноста за дозволата за извоз и увоз на стоки за воени намени и невоени убојни средства.

(3) Дозволата за пренос може да биде општа, глобална и индивидуална.

Член 44

Како исклучок од членот 43 ставот 1 од овој Закон, дозвола за пренос во рамките на Европската Унија не е потребна во случаите кога и добавувачот и примателот се владини тела или дел од вооружените сили на земјите членки на Европската Унија, кога испораката ја врши Европската Унија, НАТО, Меѓународната агенција за атомска енергија или други меѓународни организации со цел извршување на нивните задачи како и кога преносот е поврзан со хуманитарна помош на владиното тело во случај на катастрофа или како донација во нужни случаи.

Член 45

Како исклучок од членот 43 ставот 1 од овој Закон:

– Министерството надлежно за одбрана ги издава индивидуалните дозволи за пренос на одбранбени производи за потребите на Вооружените сили на Република Хрватска, додека министерството надлежно за внатрешни работи ги издава дозволите за пренос на одбранбени производи за потребите на полицијата,

– Министерството надлежно за одбрана ги издава дозволите за пренос на одбранбени производи, со намера истите да се вратат во државата, за потребите на Вооружените сили на Република Хрватска, додека министерството надлежно за внатрешни работи ги издава дозволите за пренос на одбранбени производи, со намера за нивно враќање во истата држава, за извоз на стоките за потребите на полицијата,

– Индивидуалните дозволи за пренос на одбранбени производи врз основа на донација на Владата ги издава министерството надлежно за одбрана, односно министерството надлежно за внатрешни работи во случај да се работи за стоки од нивните надлежности,

– Дозволите за пренос не се потребни на физички лица – граѓани кои можат, за сопствени потреби, без регистрација во Регистар, да пренесуваат одбранбени производи за кои министерството надлежно за внатрешни работи им издало одобрување за набавка на одбранбените производи.

Член 46

За превоз на одбранбени производи преку територијата на Република Хрватска или за внес на одбранбени производи на територијата на Република Хрватска не е потребна дозвола за пренос, без навлегување на посебните прописи за јавниот ред или јавната безбедност.

Член 47

Дозвола за пренос може да добие само правно или физичко лице – самостоен претприемач кое е регистрирано во Регистарот од членот 10 ставот 1 од овој Закон.

Член 48

Добавувач, односно прималел кој врши пренос на одбранбени производи може да користи општа дозвола за пренос или да побара од Министерството глобална дозвола, односно индивидуална дозвола за пренос на одбранбени производи.

Член 49

(1) Дозвола за пренос на составни делови на одбранбени производи се издава врз основа на проценката на чувствителноста на преносот со почитување на критериумите кои што се однесуваат на природата на составните делови во однос на одбранбениот производ во кој што ќе биде вграден, како и крајната употреба на готовиот производ која може да предизвика загриженост од аспект на националната или меѓународната безбедност, како и на важноста на составните делови во однос одбранбениот производ во кој што ќе биде вграден.

(2) Ограничувања за пренос на составни делови нема да се утврдуваат ако таквиот пренос не е чувствителен од аспект на националната или меѓународната безбедност. Во таквиот случај примателот мора да достави до Министерството изјава во која потврдува дека составните делови, за кои важи наведената дозвола за пренос, се вградени или ќе бидат вградени во неговиот сопствен производ и нема во подоцнежните фази да бидат пренесени или извезени како такви, освен за потребите на одржување или поправки.

## *Општа дозвола за пренос*

Член 50

(1) Министерството издава општа дозвола за пренос со која добавувачите со седиште на територијата на Република Хрватска, кои што ги задоволуваат условите наведени во дозволата, имаат одобрување за преносот на одбранбените производи наведени во општата дозвола за пренос кон примателите кои се наоѓаат во друга земја членка на Европската Унија.

(2) Министерството издава општа дозвола за пренос со која примателите со седиште на територијата на Република Хрватска, кои што ги задоволуваат условите наведени во дозволата, имаат одобрување за преносот на одбранбените производи наведени во општата дозвола за пренос од добавувачите кои се наоѓаат во друга земја членка на Европската Унија.

Член 51

Министерството издава општа дозвола за пренос ако:

– Примателот е дел од вооружените сили на земја членка на Европската Унија или е тело кое што врши набавки за потребите на вооружените сили на земја членка на Европската Унија,

– Примателот е сертифицирана фирма,

– Преносот се врши со цел прикажување (демонстрација), испитување или изложба,

– Преносот се врши со цел одржување или поправка, а примателот е изворниот добавувач на одбранбените производи,

– Преносот се врши со цел учество во програма за соработка помеѓу држави членки на Европската Унија во врска со развојот, производството и употребата на еден или повеќе одбранбени производи, во кој случај дозволата се објавува кон другите земји членки на Европската Унија кои учествуваат во програмата.

Член 52

Министерството е должно издадената дозвола за пренос да ја објави на своите интернет страници.

*Глобална дозвола за пренос*

Член 53

(1) Министерството може на поединечен добавувач, на негово барање, да издаде глобална дозвола за пренос на одбранбени производи за приматели во една или повеќе земја членка на Европската Унија.

(2) Министерството може на поединечен добавувач, на негово барање, да издаде глобална дозвола за пренос на одбранбени производи за добавувачи во една или повеќе земја членка на Европската Унија.

(3) Во секоја глобална дозвола за пренос на одбранбени производи или категорија на производи за кои важи глобалната дозвола за пренос, Министерството ќе ги наведе примателите или категориите на приматели.

(4) Министерот со правилник ќе ја пропише формата и содржината на барањата од ставовите 1 и 2 од овој член, како и список на документите кои треба да се приложат кон барањето.

Член 54

(1) При издавањето на глобална дозвола за пренос, Министерството го зема предвид видот на одбранбен производ, времетраењето на работите на пренос како и фактот дали добавувачот/ примателот има воспоставено програма за внатрешна усогласеност со која се утврдени правилата на постапување и одговорностите во рамките на фирмата за пренос на одбранбени производи.

(2) Министерот со правилник ќе ги пропише основните елементи кои програмата за внатрешна усогласеност од ставот 1 од овој член мора да ги содржи.

Член 55

Глобалната дозвола за пренос се издава за временски период до три години, а потоа истата може да се обнови за истиот период и под истите услови.

## *Индивидуална дозвола за пренос*

Член 56

(1) Министерството може на индивидуален добавувач, на негово барање, да издаде индивидуална дозвола за пренос со рок на важење до една година со која се дозволува пренос на прецизирана количина на одбранбени производи, во една или повеќе пратки, а кон еден примател во друга земја членка на Европската Унија.

(2) Министерството може на индивидуален добавувач, на негово барање, да издаде индивидуална дозвола за пренос со рок на важење до една година со која се дозволува пренос на прецизирана количина на одбранбени производи, во една или повеќе пратки, а од еден добавувач во друга земја членка на Европската Унија.

(3) Индивидуалната дозвола за пренос се издава:

– Ако барањето за дозвола за пренос е ограничено само на еден пренос,

– Доколку тоа е потребно за да се заштитат безбедносните интереси на Република Хрватска или за да се осигури јавниот ред,

– Ако тоа е потребно за да се почитуваат меѓународни обврски,

– Доколку постои оправдана сомнеж дека добавувачот нема да биде во можност да ги исполни сите услови неопходни за одобрување на глобална дозвола за пренос.

(4) Министерот со правилник ќе ја пропише формата и содржината на индивидуалната дозвола за пренос од ставовите 1 и 2 од овој член, како и список на документите кои треба да се приложат кон барањето.

(5) Министерството бараната индивидуална дозвола за пренос ќе ја издаде или ќе ја одбие со решение во роковите и на начинот пропишан во членот 17 од овој Закон.

(6) Против решението од ставот 5 од овој член не е дозволено да се поднесе жалба, но може да се покрене управен спор.

Член 57

(1) На барање на примателот, врз основа на писмена изјава за крајниот корисник и за намената на преносот, со дозвола за пренос Министерството издава потврда за крајниот корисник.

(2) Доколку примателот се разликува од крајниот корисник, покрај наведеното во ставот 1 од овој член, потребно е да се приложи и изјава на крајниот корисник за видот, количината и намената на одбранбените производи.

(3) Потврдата за крајниот корисник за пренос на одбранбени производи наменети за Вооружените сили на Република Хрватска ја издава министерството надлежно за одбрана.

(4) Потврдата за крајниот корисник за пренос на одбранбени производи наменети за полицијата ја издава министерството надлежно за внатрешни работи.

(5) Министерот со правилник ќе ја пропише формата и содржината на изјавата и потврдите од ставот 1 од овој член .

### *Обврски на добавувачите и примателите*

Член 58

Добавувачот на одбранбени производи мора да го извести примателот за условите на дозволата за пренос, вклучувајќи ги и ограничувањата кои се поврзани со крајната употреба или извозот на одбранбените производи.

Член 59

(1) Добавувачот, односно примателот, на одбранбени производи мора, најмалку 15 дена пред првото користење на општата дозвола за пренос на одбранбени производи, во писмена форма да го извести Министерството за истото.

(2) Министерството може да побара од добавувачот, односно примателот, при првото користење на општата дозвола, да побара податоци кои што го оправдуваат правото да се користи општата дозвола за пренос.

Член 60

Добавувачот, односно примателот, мора да води детални и целосни податоци за своите преноси како и да го известува Министерството за употребата на општата, глобалната или индивидуалната дозвола за пренос. Таквите податоци ги вклучуваат и документите кои што ги содржат следните информации:

– Опис на одбранбениот производ и неговата ознака од Пописот на одбранбени производи,

– Количината и вредноста на одбранбените производи,

– Датумот на пренос,

– Името и адресата на добавувачот и примателот,

– Ако е позната крајната намена и крајниот корисник на одбранбениот производ,

– Доказ дека информацијата за извозното ограничување, наведено во дозволата за пренос, е доставена на примателот на одбранбениот производ.

Член 61

Правно, односно физичко лице – самостоен претприемач кое што добило глобална или индивидуална дозвола за пренос, односно која искористила општа дозвола за пренос, мора во рок од 15 дена од денот на извршувањето на работата, да го извести Министерството во писмена форма или преку електронска пошта за извршениот пренос, како и да ја приложи документацијата врз основа на која е извршен преносот.

(2) Документацијата од ставот 1 од овој член мора да ги содржи следните:

– Известување за извршениот пренос,

– Копија на дозволата,

– Копија на царинската декларација (во случај на преносот на одбранбениот производ да претходел негов увоз на територијата на Република Хрватска),

– Сериските броеви на оружјето,

– Друга документација во зависност од видот на стоките.

(3) Корисникот на општата, глобалната или индивидуалната дозвола за пренос е должен два пати годишно, до 15 јули наредната година, да му достави на Министерството во писмена форма или преку електронска пошта кумулативен преглед на извршените преноси.

Член 62

Податоците наведени во членот 60 од овој Закон добавувачот, односно примателот, е должен да ги чува во период од најмалку 20 години од крајот на календарската година во која е извршен преносот, и овие податоци добавувачот, односно примателот, ги доставува до Министерството, на барање на Министерството.

Член 63

Примателот на одбранбени производи во Република Хрватска е должен, при поднесувањето на барањето за издавање дозвола за извоз на таквите одбранбени

производи во писмена форма го известува Министерството дека производот кој е примен врз основа на дозвола за пренос од страна на друга држава членка на Европската Унија има извозни ограничувања како и дека ги почитувал условите наведени во ограничувањето вклучувајќи, во случај на потреба, да добил согласност на држава членка на Европската Унија.

### *Сертификација*

Член 64

(1) Министерството издава сертификат на правното лице и на физичкото лице – самостојниот претприемач со седиште на територијата на Република Хрватска кое лице ќе прима одбранбени производи врз основа на општа дозвола за пренос издадена од друга држава членка на Европската Унија.

(2) Сертификатот се издава врз основа на писмено барање на подносителот.

(3) Министерот со правилник ќе ја пропише формата и содржината на барањето за издавање сертификат, како и формата и содржината на сертификатот.

Член 65

Со издадениот сертификат се потврдува доверливоста на примателот, особено што се однесува на неговата способност да ги почитува ограничувањата за одбранбени производи кои се применуваат врз основа на дозволата за пренос од друга држава членка на Европската Унија.

(2) Доверливоста на примателот се проценува во согласност со следните критериуми:

– Со докажано искуство во активности со одбранбени производи, особено земајќи го предвид претходното почитување на извозните ограничувања од страна на примателот, било какви судски пресуди во врска со оваа област, дозвола за производство или трговија со одбранбени производи, како и вработување на искусен персонал за управување,

– Со соодветна индустриска активност на производство на одбранбени производи, особено способноста за интеграција на системот и/или под–системот,

– Со именување на лице на управна функција како посебен претприемач кој што ќе биде одговорен за пренос и извоз,

– Со писмена изјава на фирмата потпишана од лице на управна функција од под–ставот 3 од овој став дека фирмата ги преземала сите чекори потребни за почитување и исполнување на сите посебни услови кои се однесуваат на крајната употреба и извоз на било кој примен составен дел или производ,

– Со писмена потврда од фирмата потпишана од лице на управна функција од под–ставот 3 од овој став дека фирмата му ги доставила на надлежното тело деталните информации како одговор на барањата и прашањата во врска со крајните корисници и крајната употреба на сите извезени производи, пренесени или примени врз основа на дозвола за пренос издадена од страна на некоја друга земја членка на Европската Унија,

– Со програма за внатрешна усогласеност или систем за управување со извоз и пренос кој што е интегриран во работењето на фирмата и кој што е потпишан од страна на лице на управна функција од под–ставот 3 од овој став. Програмата треба да содржи детали за организациските, човечките и техничките ресурси за управување со преносот и извозот, синџирот на одговорности во рамките на фирмата, постапките за внатрешна ревизија, оспособување на персоналот, физичките и техничките безбедносни мерки, водењето евиденција, како и можноста за следење на преносот и извозот.

Член 66

(1) Сертификатот од членот 64 ставот 1 од овој Закон ги содржи следните податоци:

– Назив на надлежното тело кое го издало сертификатот,

– Името и адресата на примателот,

– Изјава на примателот за усогласеноста со критериумите од членот 65 ставот  од овој Закон,

– Датумот на издавање и времетраењето на валидноста на сертификатот.

(2)  Времетраењето на валидноста на сертификатот не смее да биде подолго од пет години.

(3) Правно или физичко лице – самостоен претприемач кое сака да ја продолжи валидноста на сертификатот од членот 64 ставот 1 од овој Закон мора најмалку 60 дена пред истекот на периодот на важење на сертификатот да бара негово продолжување од Министерството.

Член 67

Сертификатот од членот 64 ставот 1 од овој Закон мора да содржи и дополнителни услови за податоците кои се бараат за проверка на согласноста со критериумите од членот 65 ставот 2 од овој Закон, како и условите за прекин на извршувањето или укинувањето на сертификатот.

Член 68

Министерството е должно најмалку еднаш во три години да го проверува исполнувањето на критериумите за доверливост на примателот од аспект на критериумите наведени во членот 65 ставот 2 од овој Закон, како и во согласност со условите од сертификатот наведен во членот 66 ставот 1 од овој Закон.

Член 69

Министерството признава секој сертификат издаден од страна на земја членка на Европската Унија објавен во централниот регистар на приматели кој го води Европската Комисија.

Член 70

(1) Доколку Министерството утврди дека носителот на сертификатот од членот 64 ставот 1 од овој Закон со седиште на територијата на Република Хрватска повеќе не ги исполнува условите од членот 65 ставот 2 од овој Закон или некој од условите од членот 66 ставот 1 од овој Закон, тогаш Министерството може да го прекине извршувањето на издадениот сертификат.

(2) Министерството е должно за својата одлука од ставот 1 од овој член да ја извести Европската Комисија и другите земји членки на Европската Унија.

Член 71

Министерството на своите интернет страници го објавува и редовно ажурира списокот на приматели на сертификати, и за истото ја известува Европската Комисија, Европскиот парламент и другите земји членки на Европската Унија.

*Царински постапки*

Член 72

Постапката за извоз на одбранбени производи од територијата на Република Хрватска, примени од земја членка на Европската Унија врз основа на издадена дозвола за пренос на одбранбени производи а кои се вградени во друг одбранбен производ, може да се одложи за период од 30 дена или во случај на потреба да се прекине ако при издавањето на извозната дозвола не се земени предвид сите релевантни податоци и/или ако од издавањето на дозволата за пренос на одбранбени производи околностите значително се промениле.

### *Попис на одбранбени производи и поднесување извештаи*

Член 73

Владата, на предлог на Министерството, усвојува Попис на одбранбени производи усогласен со Пописот на одбранбени производи кој што го утврдува Европската Комисија.

Член 74

Министерството е должно до 30 април во тековната година да подготви годишен извештај за преносот на одбранбени производи во рамките на Европската Унија за претходната година и да го достави до Владата за усвојување.

### *Заштитни мерки*

Член 75

Ако Министерството во текот на постапката за издавање дозвола за пренос на одбранбени производи утврди дека постои реален ризик дека примателот кој што е сертифициран во друга земја членка на Европската Унија нема да ги задоволи условите од општата дозвола за пренос на одбранбени производи или ако врз основа на посебни прописи би биле загрозени јавниот ред, безбедноста, или основните безбедносни интереси на Република Хрватска, за тоа Министерството е обврзано да ги извести другите земји членки на Европската Унија и при тоа да побара извршување на сите потребни дополнителни проверки.

Член 76

(1) Министерството може, во случај да постојат сомнежите наведени во членот 75 од овој Закон, да го прекине извршувањето на општата дозвола за пренос на одбранбени производи во однос на примателот.

(2) Министерството може да донесе одлука да ја повлече заштитната мерка од ставот 1 од овој член доколку смета дека истата повеќе не е основана.

(3) За причините за донесување или повлекување на заштитната мерка Министерството ги известува другите земји членки на Европската Унија и Европската Комисија.

# VII. НАДЗОР

## Член 77

(1) Надзорот врз извршувањето на обврските од овој Закон го спроведува Министерството во соработка со други тела кои учествуваат во постапката за издавање на дозвола, како и со други надлежни тела.

(2) Надзорот што се спроведува врз основа на овој Закон вклучува надзор пред, за време и по издавањето на дозволата.

(3) Во случај н утврдени неправилности, министерот за истите ќе ги извести надлежните тела со цел да се утврдат понатамошните активности.

## Член 78

(1) За време на спроведување на надзорот, надзорните тела од членот 77 ставот 1 од овој Закон можат:

– Да бараат информации од подносителот на барањето кои што се неопходни за спроведување на надзорот,

– Да бараат информации од други државни тела и служби кои што се неопходни за спроведување на надзорот,

– Да бараат помош од надлежните тела на други држави со цел собирање на дополнителни информации неопходни за спроведување на надзорот,

– Да спроведуваат надзор врз почитувањето на обврските од дозволата,

– Да вршат надзор врз крајниот корисник на стоките.

(2) Надзорните тела од членот 77 ставот 1 од овој Закон се должни да ги почитуваат одредбите поврзани со доверливоста и тајноста на податоците како и лицата кои се предмет на надзор.

## Член 79

Со цел извршување на задачите утврдени со овој Закон, Министерството во рамките на овластувањата доверени со овој Закон ќе соработува со други тела на државната администрација и со агенциите за безбедност, како и со меѓународните организации и надлежните тела на други држави, кои што во согласност со обврските преземени од страна на Република Хрватска доставуваат соодветни податоци.

Член 80

(1) Министерството е должно да учествува во размената на информации за промет на стоки за воени намени и невоени убојни средства со другите земји членки на Европската Унија.

(2) Учеството вклучува и размена на информации за пренос на одбранбени производи во рамките на Европската Унија, како и за давателите на услугите и нивните активности.

## VIII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### *Прекршочни одредби*

Член 81

(1) Со парична казна од 50.000,00 до 500.000,00 куни ќе се казни за прекршок правно лице ако:

– Врши извоз и увоз на стоки врз основа на овој Закон, а лицето не е регистрирано за вршење на дејноста на промет со стоките и не е впишано во Регистарот на извозници и увозници на стоки за воени намени и невоени убојни средства (член 10, став 1),

– Пред започнување со дејност на извоз, односно увоз, лицето не побарало регистрација во Регистарот на извозници и увозници на стоки за воени намени и невоени убојни средства (член 10, став 6),

– Во рок од 15 дена од настанувањето на промената во писмена форма лицето не ги достави сите промени на податоците врз основа на која е извршен упис на правното лице во Регистарот (член 12),

– Дозволата или друг документ добиен врз основа на овој Закон лицето ја пренесе на друго лице (член 18),

– Не води посебен регистар на трансакциите кои што се извршуваат врз основа на овој Закон и не ја чува документацијата за трансакциите и превозот најмалку 20 години по завршувањето на извозот, односно увозот, не ги почитува роковите и условите под кои се издадени дозволите или не го извести Министерството во писмена форма за секоја настаната промена во рок од 10 дена од денот на настанување на промената (член 26, под–став 1),

– Во рок од 15 дена по извршувањето на извозот, односно увозот, во писмена форма или преку електронска пошта не го извести Министерството за извршениот извоз, односно извршениот увоз на стоките или не ја приложи документацијата врз основа на која е извршен извозот, односно увозот (член 26, под–став 2),

– На барање на Министерството не достави потврда за прием на стоките (член 26, под–став 3),

– Не ги почитува условите од дозволата и одредбите на овој Закон (член 26, под–став 4),

– не води посебен регистар на услуги и не ја чува севкупната документација и сите информации поврзани со обезбедувањето услуги кои што се извршуваат врз основа на одредбите на овој Закон најмалку 20 години од обезбедувањето услуги (член 39, под–став 1),

– Не ги почитува роковите и условите според кои дозволата од членот 33 од овој Закон е издадена или не го извести Министерството во писмена форма за секоја настаната промена во рок од 10 дена од денот на настанување на промената (член 39, под–став 2),

– Во рок од 15 дена од извршувањето на дејноста обезбедување на услуги или по истекот на рокот на валидност на дозволата од членот 33 ставот 2 од овој Закон, во писмена форма или преку електронска пошта не го извести Министерството за извршените активности преземени врз основа на дозволата или не ја приложи документацијата врз основа на која е извршена услугата (член 39, под–став 3),

– Не ги почитува условите од дозволата и одредбите од овој Закон (член 39, под–став 4),

(2) Со парична казна во износ од 20.000,00 до 200.000,00 куни ќе се казни за прекршок правното лице ако во царинската декларација од членот 27, под–ставот 3 од овој Закон не ги внесе податоците пропишани со членот 28 од овој Закон.

(3) За прекршоците од ставовите 1 и 2 од овој член ќе се казни физичко лице – самостоен претприемач со парична казна во износ од 10.000,00 до 100.000,00 куни.

(4) За прекршоците од ставовите 1 и 2 од овој член ќе се казни одговорното лице во правното лице со парична казна во износ од 5.000,00 до 50.000,00 куни.

(5) Со парична казна во износ од 5.000,00 до 50.000,00 куни ќе се казни за прекршок физичко лице – граѓанин ако увезува стоки за кои министерството надлежно за внатрешни работи не издало одобрување за набавка на оружје (член 10, став 2).

Член 82

(1) Со парична казна во износ од 50.000,00 до 500.000,00 куни ќе се казни за прекршок правното лице ако:

– Не го информира примателот за условите а дозволата за пренос, вклучувајќи ги ограничувањата кои се однесуваат на крајната употреба или извоз на одбранбени производи (член 58),

– Најмалку 15 дена пред првото користење на општата дозвола за пренос на одбранбени производи во писмена форма не го извести Министерството за таквите активности (член 59, став 1),

– На барање на Министерството, при првото користење на општата дозвола, не достави дополнителни податоци кои го оправдуваат правото на користење на општата дозвола за пренос на одбранбени производи (член 59, став 2),

– Во рок од 15 дена од извршувањето на работата не го извести Министерството во писмена форма или преку електронска пошта за извршениот пренос или не ја приложи документацијата врз основа на која е извршен преносот (член 61, ставови 1 и 2),

– Два пати годишно, до 15 јули од тековната година и до 15 јануари од наредната година, не до стави до Министерството во писмена форма или преку електронска пошта кумулативен преглед на извршените преноси (член 61, став 3),

– Податоците наведени во членот 61 ставот 2 од овој Закон не ги чува најмалку 20 години од крајот на календарската година во која е извршен преносот или на барање не ги достави до Министерството (член 62),

– При поднесување на барање за издавање на дозвола за извоз на одбранбени производи во писмена форма не го извести Министерството дека производот е примен врз основа на дозвола за пренос од страна на друга земја членка на Европската Унија е предмет на извозни ограничувања или ако не ги почитувала условите навеени во ограничувањето вклучувајќи, во случај на потреба, да не добила согласност од земја членка на Европската Унија (член 63).

(2) Со парична казна во износ од 20.000,00 до 200.000,00 куни ќе се казни за прекршок правно лице ако не води детални и целосни податоци за своите преноси или не го известува Министерството за употребата на општа, глобална или индивидуална дозвола за пренос (член 60).

(3) За прекршоците од ставовите 1 и 2 од овој член ќе се казни физичкото лице – самостојниот претприемач со парична казна во износ од 20.000,00 до 100.000,00 куни.

(4) За прекршоците од ставовите 1 и 2 од овој член ќе се казни одговорното лице во правното лице со парична казна во износ од 5.000,00 до 50.000,00 куни.

## *Кривични дела*

### Член 83

(1) Лице кое извезе или увезе стоки наведени во Пописот на стоки за воени намени од членот 4 од овој Закон без дозвола или врз основа на фалсификувана потврда за крајниот корисник ќе се казни со казна затвор од една до пет години.

(2) Со казната од ставот 1 од овој член ќе се казни секое лице кое ја обезбедува брокерската услуга од членот 3 точката 1 од овој Закон без дозвола.

(3) Со казната од ставот 1 од овој член ќе се казни секое лице кое ја пренесува стоката наведена во Пописот од членот 73 од овој Закон без одзвола или врз основа на фалсификувана потврда за крајниот корисник.

(4) Доколку со кривичното дело од ставовите 1, 2 или 3 од овој член е предизвикана смрт на едно или повеќе лица или е предизвикана имотна штета со големи размери, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку пет години.

Член 84

(1) Лице кое извезе или увезе пушки, делови за пушки, муниција, делови за муниција и експлозиви наведени во Пописот на невоени убојни средства за комерцијални цели од членот 4 од овој Закон без дозвола или врз основа на фалсификувана потврда за крајниот корисник ќе се казни со казна затвор од шест месеци до една година.

(2) Доколку со кривичното дело од ставот 1 од овој член е предизвикана смрт на едно или повеќе лица или е предизвикана имотна штета со големи размери, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку пет години.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 85

Сите постапки кои се започнати до денот на стапување во сила на овој Закон ќе се завршат според одредбите на Законот за извоз и увоз на стоки за воени намени и невоени убојни средства (Службен весник број 86/08).

Член 86

Владата ќе ги донесе прописите од членовите 4 и 73 од овој Закон во рок од осум дена од денот на стапување во сила на овој Закон.

Член 87

(1) Правилникот од членовите 7, 8, 9, 10, 15, 29, 33, 34, членот 53 ставот 4, членот 54 ставот 2, членот 56 ставот 4, членот 57 ставот 5 и членот 64 ставот 3 од овој Закон, Министерот ќе го донесе во рок од осум дена од денот на стапување во сила на овој Закон.

(2) До стапувањето во сила на прописите од ставот 1 од овој член соодветно се применуваат:

– Уредба за Попис на стоки за воени намени и Попис на невоени убојни средства (Службен весник број 89/12),

– Правилник за образецот на барањето за издавање дозвола за извоз односно увоз на стоки за воени намени и невоени убојни средства (Службен весник број 1/09 и 26/13),

– Правилник за образецот на барањето за издавање дозвола за обезбедување услуги (Службен весник број 1/09 и 26/13),

– Правилник за содржината и начинот на водење на регистарот на извозници и увозници на стоки за воени намени и невоени убојни средства (Службен весник број 1/09 и 26/13),

– Правилник за формата и содржината на барањето и општата дозвола за извоз на стоки за воени намени од категорија ML13 (Службен весник број 1/09 и 26/13),

– Правилник за формата и содржината на дозволата за обезбедување услуги за стоки за воени намени (Службен весник број 1/09 и 26/13),

– Правилник за формата и содржината на потврдата за крајниот корисник за увоз на стоки за воени намени и невоени убојни средства за комерцијални цели (Службен весник број 1/09 и 26/13),

– Правилник за формата и содржината на дозволата за извоз, односно увоз на стоки за воени намени и невоени убојни средства за комерцијални цели (Службен весник број 1/09 и 26/13),

– Правилник за содржината и начинот на водење на регистарот на даватели на услуги за стоки за воени намени (Службен весник број 1/09 и 26/13).

Член 88

Со стапувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за извоз и увоз на стоки за воени намени и невоени убојни средства (Службен весник број 86/08).

Член 89

Овој Закон стапува во сила на осмиот ден од денот на неговото објавување во Службениот весник, освен одредбите од членовите од 42 до 53 ставовите 1, 2 и 3, членот 54 ставот 1, членот 55, членот 56 ставовите 1, 2, 3, 5 и 6, членот 57 ставовите 1, 2, 3 и 4, членовите од 58 до 71, членот 72 и членовите од 74 до 76 од овој Закон кои стапуваат во сила на денот на пристапување на Република Хрватска кон Европската Унија.

Класа: 022-03/13-01/118

Загреб, 21 јуни 2013 година

ХРВАТСКО СОБРАНИЕ

Претседател на Хрватското Собрание

**Јосип** Леко, *своерачен потпис*